MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 09 - 1407/2
07.06.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 18 - та седница одржана на ден 03 јуни 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1407/1 од 12.03.2019 година, бидејќи нема прекршување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1407/1 од 12.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1407/1 од 12.03.2019 година е оформен врз основа на анонимна претставка од спортски работници во која е пријавено за судија од Управен суд кој има и функции во спортска федерација, со сомнеж дека на тој начин се наоѓа во судир на интереси.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и фактот дека функционирањето на спортските федерации е согласно Законот за спорт и нивните статути и други акти, констатира дека во истата нема елементи, ниту индиции за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk